РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-476/5

15-05-2023 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 86-та седница одржана на 05.05.2023 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Согласно надлежностите од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, ДКСК постапувајќи по предмет број 12-8850/1 од 19.10.2022 година утврди злоупотреба на службена положба и овластувања од страна на директорот на Јавната здравствена установа „Здравствен дом" Ресен во постапка при вработување на даватели на услуги во здравствената установа, спротивно на Законот за вработени во јавниот сектор и Законот за здравствена заштита, како и поради неспроведување на судска одлука.

До Министерот за здравство на РСМ да се достави иницијатива за утврдување одговорност за службеното лице Сања Андоновска - директор на Јавната здравствена установа „Здравствен дом" Ресен.

Постапката по предметот оформен по пријава со број 12-8850/1 од 19.10.2022 година, **СЕ ЗАПИРА.**, а предметот да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на познат подносител, поднесена е пријава против службено лице Сања Андоновска - директор на Јавната здравствена установа „Здравствен дом" Ресен, по што е оформен предмет број 12-8850/1 од 19.10.2022 година. Во пријавата се изнесени наводи за незаконитости и неправилности во постапка за вработување и пополнување на работни места – три медицински сестри и еден физиотерапевт во Јавната здравствена установа „Здравствен дом" Ресен, но и неспроведување на судки одлуки за што се доставени докази: Одлуки за извршен избор од директор, пресуди на Основен суд Ресен и Апелационен суд Битола.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Со цел утврдување на фактичката состојба, ДКСК се обрати до Државниот управен инспекторат и побара да спроведе вондреден инспекциски надзор во предметната јавна здравствена установа, со посебно внимание на спроведување на судските одлуки.

Од страна на Државниот управен инспекторат добиено е известување дека од одделението во Охрид, по поднесена претставка од оштетените лица (подносители на пријавата до ДКСК) во ноември 2022 година, извршен е вондреден инспекциски надзор во ЈЗУ „Здравствен дом" Ресен, изготвен е записник ИП1 бр.09-1291 од 09.11.2022 година каде е констатирано дека Управниот инспекторат нема надлежност за постапување од причина што се работи за вработување на даватели на јавни услуги, за што надлежен орган за контрола и наздор е Државниот трудов инспекторат, по што барањето е препратено на нивно надлежно постапување. Врз основа на добиениот одговор од Државниот управен инспектор, ДКСК се обрати до Државниот инспекторат за труд и побара информации: дали и како е постапено по однос на претставката доставена од Државниот управен инспекторат; до ДКСК да се достави известување со образложение за утврдената фактичка состојба и преземените дејствија за конкретниот случај; доколку не е постапено по поднесената претставка, Државната комисија бара Државниот инспекторат за труд да постапи согласно своите надлежности и за преземените дејствија и констатирана состојба да ја извести ДКСК.

Државниот инспекторат за труд достави известување до ДКСК дека во ноември 2022 година по претставка од подносителите Јулијана Ноневска Максовиќ (прворангиран кандидат за медицинска сестра) и Павлина Трајчевска Коњаноска (прворангиран кандидат за физиотерапевт) доставена преку Народен Правобранител и Кабинет на заменик претседател на Влада задолжен за политики на добро владеење, има извршено вонреден инспекциски надзор. Во извештајот се утврдени состојби кои упатуваат на повреда и непримена на материјални закони од страна на одговорното лице на ЈЗУ Ресен, за што повратно се известени Народниот Правобранител и Кабинетот на заменик претседател на Влада задолжен за политики на добро владеење. Со извештајот на Државниот трудов инспекторат утврдени се следниве состојби: :

- Од страна на ЈЗУ „Здравствен дом" Ресен на 29.07.2021 година бил објавен јавен оглас број 04-306/1 за вработување на 1 (еден) доктор по медицина, 1 (еден) физиотерапевт и 3 (три) медицински сестри на неопределено време, објавен во дневните весници ,,Нова Македонија'' и ,,Лајм''. Формирана е селекциона комисија која врз основа на освоените бодови од просечниот успех постигнат во средно образование и спроведеното писмено тестирање (согласно Законот за здравствена заштита) изготвиле ранг листа за сите позиции. При тоа, **за позицијата дипломиран физиотерапевт од пријавените двајца кандидати, директорот на ЈЗУ склучил**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-476/6
15-05-2023 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

**До**
**Павлина Трајчевска Коњановска**
**Ул. Борис Ќиндрич бр.4-21**
**7310, Ресен**

Почитувани,

Ве известуваме дека Државната комисија за спречување на корупцијата постапуваше по предметот заведен под архивски број 12-8850/1 од 19.10.2022 година, а кој е оформен врз основа на Вашата пријава.

Во постапувањето по горенаведениот предмет, Државната комисија за спречување на корупцијата на својата 86-та седница одржана на 05.05.2023 година донесе Одлука, која Ви ја доставуваме во прилог на Ваше запознавање.

Доставувајќи Ви ја посочената одлука, Ве известуваме дека согласно со член 22 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (,,Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) предметната одлука, во законски определениот рок, е објавена на веб страницата на Државната комисија за спречување на корупцијата – www.dksk.mk.

Изготвил:П.Б
Одобрил: К.Н.,Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

**договор со второрангираниот, а за позицијата медицинска сестра од пријавените седум кандидати, директорот склучил договор со 2, 3 и 5 -от кандидат.**

- Незадоволни од донесените решенија на директорот на ЈЗУ Ресен, прворангираните кандидатки поднеле **жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен**, кои со Решение број 0904-170 од 06.09.2021 година жалбата ја **одбиле како неоснована повикувајќи се на дискреционото право на директорот при одлучување за избор на кандидати согласно член 161 од Законот за здравствена заштита.**
- Незадоволни и од ова решение, **поведен е судски спор пред Основен суд во Ресен** кој со пресуда број РО-6/21 од 03.12.2021 година кој Суд го одбил тужбеното барање на тужителката Павлина Трајчевска Коњановска (прворангиран кандидат за физиотерапевт) како неосновано. По вака добиената пресуда, поведен е **судски спор пред Апелационен суд Битола** кој со Решение број РОЖ-40/22 од 02.03.2022 ја укинал пресудата на Основен суд Ресен и вратен на повторно судење со дадени напатствија по кои Судот во Ресен постапил при повторното одлучување. Така, Основниот суд во Ресен нашол дека
    - тужбеното барање на тужителките е основано
    - **се поништува одлуката** број 04-327/1 од 06.08.2021 г. на директорот за избор на 2,3 и 5 кандидат за медицински сестри,
    - **се поништува одлуката** број 04-326/1 од 06.08.2021 г. на директорот за избор на вториот кандидат за физиотерапевт
    - **се поништува** Решение број РО.бр. 0904-10 од 06.09.2021 и Решение број РО.бр 0904-166 од 06.09.2021 **на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен**
    - **се задолжува тужениот (одговорно лице на ЈЗУ) врз основа на ранг листа бр 04-36/8 од 06**.08.2021 година **да изврши повторен избор** на физиотерапевт и медицински сестри.
- Основаноста на својата пресуда Апелациониот суд во Битола ја заснова на фактот што договорниот орган – ЈЗУ Ресен требало да ги има во предвид не само одредбите на Законот за здравствена заштита туку и одредбите на Законот за вработени во јавниот сектор. Ова од причина што согласно член 2 од Законот за вработените во јавниот сектор, како работодавачи во јавниот сектор покрај другите, се сметаат и органите на државна и локална власт и други државни органи кои вршат дејност од областа на здравството. **Во член 6 од истиот закон е предвидено дека вработување во јавниот сектор се врши преку објавување на јавен оглас, при што во транспарентна, фер и конкурентна постапка на селекција, се избира најстручниот и најкомпетентниот кандидат за работното место.**

Со член 160 од Законот за здравствена заштита предвиден е начинот на спроведување на процесот на селекција: формирање на комисија, евалуација на успех од образование, тестирање, изготвување на ранг-листа што согласно член 6

од Законот за вработените во јавниот сектор, **не му дава право на одговорното лице по сопствен избор да избира кое лице ќе го вработи**, туку доколку има повеќе од 3 кандидати, за секое работно место се прави листа од три кандидати, и врз основа на тие ранг листи врз основа на критериумите за стручност, компетентност и правична застапеност на заедниците, согласно член 156 од Законот за здравствена заштита, а по спроведено интервју се избира најстручниот и најкомпетентен кандидат за работно мето во транспарентна, фер и конкурентна постапка на селекција.

- Врз основа на вака донесените пресуди, директорот на ЈЗУ „Здравсрвен дом" Ресен, ги поништил првобитно донесените решенија, и повторно донел решенија со вработување на истите кандидати.
- Од страна на Павлина Трајчевска Коњановска **повторно е доставена жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, која и овој пат ја одбива жалбата како неоснована, оправдувајќи го донесеното решение на директорот на ЈЗУ-Ресен за избор на второ рангираниот кандидат за физиотерапев.** Основаноста на своето решение го темели на образложението на директорот на ЈЗУ- Ресен што избраниот кандидат неколку години station наназад бил ангажиран со договор на дело, иако во огласот не било предвидено работно искуство, како и на фактот што е припадник на малцински заедници, исто така не предвидено со објавениот оглас.

Државниот инспектор за труд во известувањето доставено до ДКСК наведува дека во овој случај, при своето надлежното постапување констатирано е невоедначеност на толкување на прописите помеѓу управните органи и судовите, од аспект на различноста во донесените пресуди и одлуки, но и непочитување на судски одлуки. Исто така Државниот инспектор потенцира дека по хиерархија судските одлуки се неприкосновени и треба задолжително да се извршуваат, а нивно неизвршување би предизвикало правна несигурност во функционирањето на правниот систем. Известувањето на Државниот инспекторат за труд е доставено до Народниот Правобранител на РСМ на ден 01.12.2022 година и до Кабинет на заменик претседател на Влада задолжен за политики за добро владеење на ден 23.11.2022 година за нивно надлежно постапување.

Од увидот и анализата на прибраните доказни материјали ДКСК утврди дека во предметниот случај постапувале други надлежни органи и констатирана е повреда на Закони односно и дека постапувањето на пријавеното лице во предметната постапка за вработување и пополнување на работни места по наведениот јавен оглас, претставува основ за сомневање за негово несовесно работење и злоупотреба на службената должност и овластувања, поради што до надлежен орган – Министерството за здравство на РСМ, ќе се достави иницијатива за утврдување

одговорност против службеното лице, Сања Андоновска - директор на Јавната здравствена установа ,,Здравствен дом'' Ресен.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

доставена до:
Подносителот на пријавата

Изработил: П.Б
Одобрил: К.Н., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk